СТОПАНСКА БАНКА
а.д. Битола

# МИСЛЕЊЕ

## на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола по Годишниот извештај за работењето на Стопанска банка а.д. Битола за 2017 година

**Битола, март 2018 година**

# МИСЛЕЊЕ

на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола
по Годишниот извештај за работењето на Стопанска банка а.д. Битола за 2017 година

Годишниот извештај за работењето на Стопанска банка а.д. Битола за 2017 година дава комплетна слика за работењето на Банката во текот на 2017 година со опфат на: условите во кои Банката ја вршеше својата деловна активност, финансиската состојба на Банката, остварениот финансиски резултат и пазарната позиција. Детално се прикажани достигнувањата по одделни сегменти од деловното работење, како и работењето на органите на Банката во рамки на Извештајот за корпоративно управување, кој е составен дел на овој извештај.

Податоците презентирани во Годишниот извештај ја потврдуваат определбата на Банката за континуиран раст, поцврсто етаблирање во рамки на групата средни банки, профитабилно работење и јакнење на капиталот при истовремено почитување на законската регулатива и регулативата на НБРМ. Притоа, Банката оствари раст на активата од 4,66% на годишна основа, кредитите се зголемија за 10,36%, додека депозитите пораснаа за 5,30%. Добивката пред оданочување за 2017 година изнесуваше 46,38 милиони денари и истата е повисока од минатогодишната за 31,19%. Со тоа беше постигната стапка на поврат на капиталот од 3,32% и стапка на поврат на активата од 0,39%.

Во Годишниот извештај се вклучени информациите пропишани со Законот за трговските друштва и Одлуката на Народната банка на Македонија за основните начела и принципи на корпоративното управување во банка.

Наше мислење е дека Годишниот извештај реално и транспарентно го прикажува целокупното работење на Банката во 2017 година, остварувањата по деловни сегменти, промените во билансните позиции во однос на претходната година со елаборирање на главните фактори кои ги предизвикале промените, односно сметаме дека Годишниот извештај дава комплетна и објективна слика за работењето на Банката во текот на 2017 година.

НО бр. 02-5995/1/I.2-2
Битола, 21.3.2018 година

Стопанска банка а.д. Битола
Надзорен одбор
претседател
г. Ненад Јосифовиќ